**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# ПРОГРАМА
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2024 ГОДИНА

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2023 ГОДИНА**

Врз основа на член 14, став (1), точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка , (Службен гласник на Општина Крива Палнка бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07 .12.2023. година донесе

**П Р О Г Р А М А**

*За активностите на Општина Крива Паланка*
*од областа на спорт за 2024 година*

## I. **ВОВЕД**

Спортот и здравите навики се клучни за правилен развој на младите генерации. Водена од ова начело општината во последните години дава големо значење и фокус на правилен развој на младите луѓе и создавање на услови за креирање и одржување на креирање на здрави генерации. Програмата е изработена во согласност со Зоканот за локална самоуправа, Законот за младинско учество и младински политики, а имплементирани се и одредби и од Законот за еднакви можности на мажите и жените и во неа се утврдуваат и целите на политиката на Општина Крива Паланка во делот на спортот, особено младите и креирање на здрави генерации. Програмата за активности во областа на спортот во Општина Крива Паланка за 2024 година дава можност на локалните спортски клубови да предлагаат сопствени програмски активности преку јавен повик и да добијат финансиска подршка од Буџетот на општината. Изборот на програмските активности ќе го вршат комисии формирани со акт на Градоначалникот на Општина Крива Паланка врз основа на критериуми и правилници, а висината на доделените средства ќе се одредат со одлука донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Со програмата се зајакнува улогата на училишните спортови и развој на здравите навики кај учениците преку поддршка на сојузот на училишни спортови

Дополнително, преку оваа програма се обезбедуваат стипендии за ученици и ученички - талентирани спортисти и спортистки од основните и средното училиште во градот преку јавен повик за доделување на буџетски средства за стипендирање на талентирани ученици – спортисти.

Општината во рамки на програмата дава еднаков пристап на сите, со правилна распределба на локалните клубови со машки и женски членови, но дополнително дава можност за вклучување и на лицата со попреченост, кои ќе можат да бидат дел од активностите кои општината ги организира, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт во 2024 година се:

- зголемено учество на општината во процесот на организирање и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во на локалните граѓани и граѓанки;
- стимулација на развој и унапредување на училишните спортови, преку давање на поддршка и зголемување на улогата на училишните спортови;

- создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, жените и мажите, девојчињата и момчињата, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- подршка и афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Република Северна Македонија и надвор од неа;
- создавање на услови за меѓународна соработка и промоција на локалниот спорт и вмрежување во меѓународни рамки

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите во областа на спортот Општина Крива Паланка ќе бидат фокусирани на поттикнување и поддршка во процесот на остварувањето на целите на оваа Програма, а тие се воглавном:

- Доделување на стипендии за талентирани ученици/чки – спортисти/ки од основните и средното училште во општината за 2024 година,
- Финансиска поддршка на програмски активности на спортски здруженија и спортски клубови со седиште во Општина Крива Паланка,
- Организирање на спортски настани манифестации од интерес на општината и на локалната заедница, со фокус на младите луѓе, со активно вклучување сите локални спортски работници,
- Поддршка на развојот на училишните спортови во градот и мотивирање на стручниот кадар и наставниците/професорите за понатамошен развој и унапредување на спортот
- понатамошно обезбедување на расположивост и поволни услови за користење на сите објекти за спорт и рекреација во надлежност на општината,

Во 2024 година општината ќе продолжи со изнаоѓање на модел и нови мерки за финансирање на спортските клубови и спортските работници и работнички преку доработка и официјализирање на методологија за поддршка на локални спортски клубови, односно институциска поддршка и формирање на Фонд за спорт кој ќе се финансира со средства од локалните и други бизнис субјекти од нивната општествена одговорност и издвојување на средства од општинскиот буџет на Крива Паланка преку т.н. метод „денар за спорт“. Овие средства ќе бидат директно вбризгувани до постоечките спортски клубови со посебен Правилник и акт закатегоризација, со цел помагање и нивно понатамошно унапредување и развој.

Во програмата за развој на спортот за 2024 година, активностите во главном се поделени на:

**1. Активности од областа на спортот и физичката култура кои Општина Крива Паланка ќе ги организира, реализира и ќе обезбеди директна поддршка со средства од сопствениот буџет за 2024 година**

| **Активност** | **Носител на активноста** | **Предвиден период на имплементација** | **Вкупно предвидени средства** | **Извор на финансирање/ Буџетско конто** | **Родови индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| Стипендирање на талентирани спортисти и спортистки кои се ученици/ученички во основно и средно образование | Општина Крива Паланка | Септември / октомври | 585.000,00 | Буџет на општина Крива Паланка 464120 LO | Број на доделени стипендии во основно и средно училиште, разделен по пол |
| Организирање на турнир во мал фудбал | Општина Крива Паланка КМФ Осогово 2022 ФК Академија Осогово 2022 | По утврден календар | 200.000,00 | Буџет на Општина Крива Паланка 464990<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупен број на натпреварувачите на турнирот<br>Пол по % од вкупен број на судиите |
| Организирање на настан „ФУДБАЛ ЗА СИТЕ“ | Општина Крива Паланка Здружение ТАКТ | Август | 120.000,00 | Буџет на Општина Крива Паланка 464990<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на дечиња-учесници на настанот |
| Финансиска поддршка на организирање на турнир во мал фудбал во чест на загинатите бранители во 2001г. | Здружение на семејствата за загинатите припадници на вооружените сили – Херои на Македонија 2001-15 | Мај-Јуни по поднесено барање од страна на носителот на активноста | 60.000,00 | Буџет на Општина Крива Паланка 423410 / 42520 LO<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на натпреварувачи/ учесници на настанот |
| Финансиска поддршка за организирање на настан ОФ РОАД Џип рели | Здружение<br><br>ОФ РОАД Екстрим | Во тек на годината , по поднесено барање од страна на носителот на активноста | 200.000,00 | Буџет на Општина Крива Паланка 423410 / 42520 LO<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на натпреварувачи/ учесници на настанот |

Вкупен износ на финансиски средства по основ на овие активности изнесува **935.000,00** денари, кои општината ќе ги обезбеди од сопствениот буџет.

2. **Поддршка на програмски активности на локални спортски клубови и здруженија по поднесени програми на Јавен конкурс за распределба на буџетски средства за финансирање на програмски активности на спортски клубови и здруженија за 2024 година**

Оваа активност ќе се спроведе преку објавување на Јавен повик за распределба на буџетски средства за финансирање на програмски активности на локалните спортски здруженија и клубови врз основа на категоријата на натпреварување и масовноста, односно бројот на членови и спортисти на клубот. По пријавувањето на спортските здруженија и клубови на повикот и поднесувањето на нивните годишни програми за 2024 година е одредена висината на износот на финансиската поддршка за секој клуб поединечно и тоа:

| **Име на спортски клуб или здружение** | **Вкупно доделени средства од буџетот (во МКД)** |
|---|---:|
| Кошаркарски клуб Крива Паланка | 300.000,00 |
| Кик бокс клуб ПАТРИОТ | 100.000,00 |
| Пинг-понг клуб Крива Паланка | 100.000,00 |
| ФК Академија Осогово 202 | 150.000,00 |
| Карате клуб ШАМПИОН | 100.000,00 |
| Пинг-понг клуб КРИВА ПАЛАНКА 2007 | 20.000,00 |
| КМФ ОСОГОВО 2022 | 500.000,00 |
| Шаховски клуб ТИМ АН ПАСАН | 40.000,00 |
| ЗСР Риболовен клуб МРЕНА | 40.000,00 |
| Општински сојуз на училишен спорт* | 110.000,00 |
| **ВКУПНО** | **1.460.000,00** |

** На Општинскиот сојуз на училишни спортови му се доделуваат 80.000 по основ на нивната поднесена апликација, а дополнително му се доделуваат и средства во висина од 30.000,оо денари предвидени за организирање на мајски пролетен крос за ученици од основните и средното училиште од Крива Паланка, со што ќе добијат финансиски средства во вкупен износ од 110.000,00 денари.*

Средствата наменети за спортските клубови и здруженија ќе се доделуваат во тек на годината, по доставено барање од страна на спортскиот субјект и потпишување на Договор за финансиска поддршка со општината, со што спортските субјекти имаат обврска за поднесување на извештаи за реализација до крајот на тековната година.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализирање на Програмата на Општина Крива Паланка за активностите во областа на спортот за 2024 година, во вкупен износ од **2.395.000 денари** се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година и тоа од Програма - спорт и рекреација, потпрограма LO потставка 464120, потставка 464990, потставка 425990 и потставка 423990, и тоа.

## V. СПРОВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на Програмата на Општина Крива Паланка во областа на спортот за 2024 година е во надлежност на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, преку Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој / Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија.

## VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Крива Паланка", а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Број 09-5620/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2023 г** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**